РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 03-3994/3
12.11.2025 год.
БЕРОВО

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и Општина Берово, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија за мерка 7.1 Општинско – корисна работа , финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ и Буџетот на Општина Берово на ден 13.11.2025 година се објавува:

# Ј А В Е Н П О В И К

За "**крајни корисници**" за користење на услуги од проектот "Се грижиме, дејствуваме"

Се повикуваат сите заинтересирани граѓани кои имаат потреба од услугата нега и грижа во домот,и ги исполнуваат следните категории:

- стари, осамени и изнемоштени лица, хронични болни лица,лица кои боледуваат од алцхајмер,мултиплекс склероза кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, Проект "Се грижиме, дејствуваме" како "**крајни корисници**" односно да бидат корисници на услуга – <u>организирана посета од страна на обучени лица за помош и нега во домашни услови</u>, да поднесат **Пријава за учество.**

Работните активности кои се предвидени со проектот "Се грижиме, дејствуваме" предвидуваат социјална заштита и вклученост на стари/изнемоштени лица односно лицата кои се во ризик, стари и сами лица, лица со тешка здравствена состојба за кои нема кој да се грижи, да ги посетуваат патролни работници кои ќе бидат постојано во контакт за секојдневно следење на нивната здравствена и социјална состојба и поддршка на нивните секојдневни активности.

Истите предвидуваат но не ограничуваат:

- Услуги од основен пакет на медицинска заштита (мерење на крвен притисок, шеќер во крвта и др.)
- Консултации со матичен доктор и набавка на лекови на дневна основа
- Помош при движење и заеднички прошетки
- Набавка на продукти за исхрана и други потреби во домаќинството
- Приготвување на топол оброк/напиток
- Поддршка во одржување на хигиената во домот на крајниот корисник

- Вршење на поситни работи во домаќинството (миење садови, внесување дрва за огрев и сл.)
- Плаќање на сметки
- Достава на храна

Крајните корисници (или во нивно име друго лице) Пријава за учествово проектот “Се грижиме, дејствуваме” можат да поднесат во Општина Берово, (кај лицето Даница Пиличовска, најдоцна до 24.11.2025 година.

Изборот на пријавените кандидати – крајни корисници ќе биде извршен во консултации со матичните доктори и претставници од МТСП, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Берово, АВРСМ ЦВ Берово и Општинската Комисија за следење на проектот.

Проектот “Се грижиме, дејствуваме” ќе се имплементира на територија во општина Берово за грижа и нега односно лицата кои се во ризик во времетраење од 18 месеци.

Детални информации за Јавниот повик можат да се добијат во Општина Берово кај лицето Даница Пиличовска, на тел.033 471 057 и моб.076 454 616 и на интернет адреса: www.berovo.gov.mk.

Општина Берово

Градоначалник

Петар Ружински